Тргнувајќи од зедничките заложби за транспарентно, независно и самостојно судство, судство со интегритет и доверба кај граѓаните, притоа насочувајќи ги напорите кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, преку унапредување на меѓусебната соработка, Судско-медиуӱмскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, претставувано од претседателот судија д-р Џемали Саити, претседател на ЗСРСМ и судија Иван Џолев, Претседател на Судско-медиумскиот совет од една страна и Академијата за судии и јавни обвинители “Павел Шатев” Република Северна Македонија, претставувана од директорката судија д-р Наташа Габер Дамјановска, (во натамошниот текст: страни потписници) на ден 26 јануари 2021 година, во Скопје, го потпишаа следниот:

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**МЕЃУ**

**Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија**

**и**

**Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија**

**Област на соработка**

**Член 1**

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со Закон, потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во областа на судската транспарентност и континуирана обука на судиите и јавните обвинители, потписниците, се согласни заеднички да соработуваат во остварувањето на следните цели:

1. Зајакнување на соработката меѓу Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија,

2. Учество на членови од Судско медиумскиот совет како предавачи на обуките во Академијата, и

3. Делегирање на правни експерти од Академијата за судии и јавни обвинители за подготовка на Стратегијата за зајакнување на судската транспарентност, предвидена како основна цел во проектот „Зајакнување на улогата и функционалноста на Судско-медиумскиот совет", финансиран од Владата на САД, како и подготовка и промоција на други документи од областа на транспарентноста и односите со медиумите.

**Видови на соработка**

**Член 2**

За остварување на горенаведените дефинирани цели на Меморандумот за соработка, страните, се согласни да ги реализираат следните активности:

- Промовирање на заедничките активности;
- Организирање настани од интерес за двете институции;
- Организирање обуки и семинари за потребите на Судско-медиумскиот совет;
- Обезбедување два члена од Академијата за судии и јавни обвинители за учество во работната група за изработка на Стратегијата за зајакнување на судската транспарентност;
- Учество на членови на Судско-медиумскиот совет како предавачи на Академијата, во делот на транспарентноста на правосудството, односи со медиуми и јавност;
- Стручна помош и анализа за конкретни проекти од областа на медиумите;
- Меѓусебно информирање за резултатите од соработката.

**Начин на реализирање на соработката**

**Член 3**

Соработката од член 2 на овој Меморандум ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, со можност за склучување посебен договор за операционализација.

**Финансиски трошоци**

**Член 4**

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од одделените видови на соработка ќе се утврдуваат со посебен договор склучен меѓу страните потписници на овој меморандум.

**Измена на меморандумот**

**Член 5**

Овој меморандум може да се измени и дополнува со писмена согласност меѓу страните-потписнички.

**Решавање на спорови**

**Член 6**

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу страните-потписнички.

**Влегување во сила**

**Член 7**

Овој меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување.

**Член 8**

Овој меморандум е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 4 (четири) примероци за Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија и 2 (два) примерока за Академијата за судии и јавни обвинителина Република Северна Македонија.

Здружение на судиите на
Република Северна Македонија,

Претседател,
Судија д-р Џемали Саити,

______________________

Судско-медиумски совет

Претседател,
Судија Иван Џолев

______________________

Академија за судии и јавни
обвинители "Павел Шатев",

Директор,
Проф д-р Наташа Габер
Дамјановска

______________________

Скопје, 26 јануари 2021 година.



